У-6.бр.347/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД преку судијата М-р Дитурије Елези Незири - како судија поединец, одлучувајќи по тужбата на тужителот А.И. од Битола поднесена против решението бр.08-110 од 11.04.2025 на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, за пристап до информација од јавен карактер, на одржаната јавна расправа на 20.11.2025 година, во присуство на тужителот и овластено лице на тужениот орган, на ден 21.11.2025 година, јавно ја донесе и објави следната:

09.12.2025

П Р Е С У Д А

08 110

Тужбата на А.И. од Битола, против решението бр.08-110 од 11.04.2025 на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Тужителот со тужба за управен спор ја оспорува законитоста на решението на тужениот орган означено во изреката на пресудата, поради повреда на правилата на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Имено, тужителот наведува дека на 14.04.2025 година електронски ја примил одлуката на Агенцијата за слободен пристап до информации со која е одбиена неговата жалба против решението на МВР за недоставување на бараната информација, поради што, согласно членовите 2 и 3 од Законот за управни спорови, поведува управен спор заради заштита на своите права и законски интереси. Тој тврди дека оспорениот акт е незаконит поради погрешна примена на материјалното право, непочитување на правилата на постапката, како и погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, а дополнително укажува и на можни причини за ништовност. Според тужителот, не постоеле основи за одбивање на пристапот до информацијата, бидејќи не се работело за чувствителни или тајни податоци, ниту за ризик по безбедност или приватност, а т.н. тест на штетност или воопшто не бил спроведен или бил паушално образложен. Тој укажува дека информациите што ги бара се од тип кои инаку се јавно достапни и изнесува сомнеж дека МВР можеби намерно ја одбило доставата од лични интереси поврзани со постапувањето со запленети возила. Смета дека тужениот орган требало подетално да ја испита оправданоста на одбивањето и да ја цени применливоста на член 6 став 3 од ЗСПИЈК, со оглед на јавниот интерес, наместо формално да ја потврди одлуката на МВР, поради што бара поништување на актот и враќање на предметот на повторно одлучување.

Тужениот орган во одговор на тужба остана при своето решение и причините наведени во истото, со предлог тужбата да биде одбиена како неоснована.

Одговорот на Тужбата даден од страна на тужениот орган, Судот ги достави на одговор до спротивната странка, но на дадениот рок истиот не се произнесе по истото.

На одржаната јавна расправа на 20.11.2025 година, тужителот изјави дека останува во целост на тужбата и предложи ново изведен доказ судска

пракса-Пресуда на Основен суд Скопје 2 Скопје 17-МАЛВП-1686/13 од 01.07.2014 година, со која објасни дека типот на информации кој се бара од имателот на информации-МВР, е информација од јавен карактер и не е пречка да се даде таква информација, односно со истата не се загрозува приватноса на лични информации.

Претставникот на тужениот орган, истакна дека останува во целсот на наводите на оспореното решение и одговорот на тужба, од причина што сметаме дека првостепениот орган правилно и врз закон со спроведен тест на штетност донел правилно решение. Во однос на новиот доказ доставен од тужитлеот на денешната јавна расправа, изаввам дека тужениот орган смета дека пресудата не се однесува на слободен пристап до информации од јавен карактер, туку станува збор за граѓански спор. Во однос на вториот пасус од барањето на тужителот доставено до МВР на начин како што е поставено, сакам да објаснам дека тука доаѓа до израз неговиот личен интерес, што е спротивно на целта на законот.

Во доказна постапка, Судот на јавната расправа изврши увид во: тужбата, оспорено решение од Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-110 од 11.04.2025 година, Решение за одбивање на пристап од МВР Оддел за односи со јавност и стратешки прашања, Сектор за односи со јавност и протокол рег.бр.16.1.2-297/5 од 16.03.2025 година, Жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер од 10.03.2025 година, Одговор на тужба од Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер на РСМ од 11.06.2025 година, Барање за пристап до информации од јавен карактер од 24.02.2025 година, Решение на имател на информации бр.16.1.2-297/5 од 13.03.2025 година, Жалба бр.08-110 од 28.03.2025 година од тужител, Меил од Агенцијата до МВР за доставување на одговор на Жалба под бр.08-110 од 28.03.2025 година, Допис за Доставување на материјал по однос на жалба, под бр.16.1.2-480/2 од 01.04.2025 година и Пресуда на Основен суд Скопје 2 Скопје 17-МАЛВП-1686/13 од 01.07.2014 година.

Управниот суд го испита оспореното решение, во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, списите на предметот и наводите истакнати на јавната расправа најде:

Тужбата на тужителот е неоснована.

Имено, од списите на предетот произлегува дека тужителот повикувајќи се на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, на 24.02.2024 година по електронски пат поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер до Министерството за внатрешни работи, со кое побарал преку е-маил да му се достави следната информација:„Кое лице е регистриран сопственик на МПВ Фолксваген Голф 4, сребрено сива боја со регистерски таблички ., како и која е адресата на лицето? Доколку се работи за физичко лице, ако достапна информацијата дали е живо и покојно?“. Како причина за бараната информација тужителот навел дека “ова информација ја барам бидејќи спомнатото возило со години го гледам на исто место и е запуштено, барам да увидам кој е сопственик за да стапам во контакт со нив или наследниците, доколку е физичко лице, за да ги прашам дали се заинтересирани за продажба на истото или ако сакаат да се пријави за хаварисано и отстрани од надлежни служби.“ Бараната информацијата побарал да му биде доставена електронски на истава електронска пошта на која го поднел барањето.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

Постапувајќи по Барањето на сега тужителот, имателот на информации, врз основа на член 3 став 1 параграф 6 и член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, спровел задолжителниот „Тест на штетност" со рег.бр.16.1.2-237/4 од 12.03.2025 година, утврдувајќи дека со давањето на бараната информација ќе има последици врз работењето на МВР, потоа од страна на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања била извршена консултација со Секоторот за безбедност, од каде добиле одговор дека информацијата која е наведена во Барањето е личен податок согласно член 4 став 1 од наведениот закон и давањето на лични податоци од страна на контролорот односно Министерството за внатрешни работи кога не се исполнети условите кои ги наплага Законот за заштита на личните податоци е забрането. Предвид наведеното Имантелот на информации го донел сега првостепеното  Решение бр.16.1.2-297/5 од 13.03.2025 година, со кое Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер го одбива, со образложениедека бараната информација претставува исклучок од слободен пристап до информации, односно бараната информација е информација која врз основа на закон содржи лични податоци.

Незадоволен од донесеното Решение, тужителот на 28.03.2025 година, во законски предвидениот рок поднел жалба до тужениот орган во која е наведено дека со барањето биле побарани само одредени податоци за одредена цел и намени од кои некои се и дел од јавен интерес (зафатено место на паркинг плац), односно не се побарани лични податоци кои се доверливи (ЕМБГ или сл.) или чие откривање би било штетно. Имателот на информации преку електронска пошта до тужениот орган, ги доставил допис списите на предметот и одговорил дека проблематиката со хаварисани возила не е под надлежност на МВР, за истото се надлежни служби под ингеренции на локалните власти, граѓанинот може да го пријави хаварисаното возило во надлежната локална служба. Околкностите наведени во барањето од сега тужителот, Министерството за внатрешни работи стои на донесеното Решение за одбивање на пристап, и во прилог го доставил и Тестот на штетност бр.16.1.2-297/4 од 12.03.2025 година, во кое наведува дека „не е можен делумен одговор на барањето, од причина што објавувањето на бараните информации може да доведе до наламување на ефикасноста во работењето и функционирањето на Министерството за внатрешни работи, преовладува интересот за заштита и необјавување на информациите, давањето на лични податоци е забрането.

Предвид наведеното, тужениот орган нашол дека наводите на тужителот во жалбата се неосновани и дека имателот на информации како првостепен орган правилно го применил материјалното право, во постапкатата која претходела на актот се постапило според правилата на постапката и целосно е утврдена фактичка состојба, и го донел сега оспореното решение со кое ја одбил жалбата како неоснована.

Судот смета дека оспореното решение е законито и со истото не е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 3, став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на РСМ" број 101/2019) „информација од јавен карактер" е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.

Согласно член 4 став 1 точка 1 од Законот за заштита на личните податоци, „Личен податок" е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а

физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице.

Согласно член 6 став 1 точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер Имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до личен податок чие откривање би значело повреда на заштита на личните податоци.

Во конкретниот случај, Судот утврди дека тужителот неосновано ја оспорува законитоста на второстепеното решение на Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, ова од причина што од списите на предметот произлегува дека бараната информација, податок за сопственик на конкретно моторно возило, неговата адреса, како и податок дали лицето е живо или покојно, претставува личен податок согласно член 4 став 1 од Законот за заштита на личните податоци. Според член 6 став 1 точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации има право да одбие пристап до таков податок доколку неговото откривање би довело до повреда на заштитата на личните податоци. Во рамки на постапката, имателот на информации, МВР, спровел задолжителен тест на штетност, прибавил стручно мислење од надлежен сектор, и утврдил дека информацијата не може да се достави без да се нарушат одредбите за заштита на личните податоци, како и дека не постои можност за делумен пристап. Агенцијата, решавајќи како второстепен орган, правилно ги применила релевантните законски одредби, правилно ја ценила фактичката состојба и основано ја одбила жалбата. Судот утврди дека одбивањето е донесено по целосно спроведена постапка, со правилна примена на материјалното право и без повреди на правилата на постапката.

Во однос на тужбените наводи дека информацијата не била чувствителна, дека наводно не постоеле безбедносни или приватносни ризици, како и дека наводно МВР имало лични мотиви да ја задржи информацијата, Судот ги оцени истите како неосновани и недокажани. Барањето на тужителот не се однесува на јавен податок поврзан со транспарентноста на работењето на органите, туку на идентификација на конкретно физичко лице заради негов приватен интерес – воспоставување контакт за евентуална купопродажба или пријава за хаварисано возило, што е спротивно на целта и природата на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, бидејќи со него не се остваруваат приватни или индивидуални права. Дополнително, имателот на информации оправдано укажал дека прашањето за отстранување хаварисани возила е во надлежност на локалната самоуправа, а не на МВР, па така ни основаноста на барањето не може да се поткрепи со јавен интерес.

Во однос на доставениот доказ на јавната расправа од страна на тужителот, Пресуда на Основен суд Скопје 2 Скопје 17-МАЛВП-1686/13 од 01.07.2014 година Судот го ценеше при утврдувањето на фактичката состојба, но утврди дека истиот е правно ирелевантен за овој управен спор. Имено, станува збор за пресуда донесена во граѓанска постапка која се однесувала на сосема различни фактички и правни прашања, а не на постапка по Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер. Со оглед на тоа, таа пресуда не може да влијае врз оценката на законитоста на оспореното решение, ниту да се применува аналогно или субсидиарно во управниот спор за слободен пристап до информации.

Имајќи ги предвид сите релевантни законски одредби, спроведените постапки од имателот на информации и тужениот орган, како и наведените факти, Судот најде дека оспореното решение е донесено согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за заштита на личните податоци, поради што тужбата се оценува како неоснована.

Со оглед на сето наведено, судот одлучи како во изреката на оваа пресуда, а согласно член 59 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Управниот суд на ден 21.11.2025 година под У-6.бр.347/2025.

Судија,
m-r Diturije Elezi Neziri

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 .

Се задолжува тужителот, во истиот рок да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, доколку истата не е платена при поднесување на тужбата, на погоре наведените жиро сметки за физички и правни лица.

Пресудата да се достави на:
- тужител
- тужен орган

Судија
m-r Diturije Elezi Neziri

Согласноста на преписот со изворникот се потврдува
Судски службеник

4